ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ "КОМУНАЛЕЦ" п.о. Бр. 09-197/1 28.02.2019 год. КРИВА ПАЛАНКА

15.3.19

бр. 03-1828 06.03.19 СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Склучен во Скопје, на ден 01.03.2019 година помеѓу договорните страни

1.Друштво за управување со пакување и отпад од пакување **ПАКОМАК ДОО Скопје**, со ЕДБ 4057010510526 и ЕМБС 6659845 и со седиште на ул.Партизански Одреди, Порта Влае блок 4 Скопје, застапувано од управителот **Филип Ивановски** (во понатамошниот текст- Давател на опремата), од една страна и

**2. ЈПКУ КОМУНАЛЕЦ Крива Паланка,** со ЕМБС 4027035 и ЕДБ 4015989100876 со седиште на ул. Илинденска бр.17 Крива Паланка застапувано од директорот Миле Марковски (во понатамошниот текст - Корисник на опремата), контакт тел. 078 354 992, контакт email jpkomunaleckp@yahoo, од друга страна

**Член 1**

Предмет на овој договор претставува регулирањето на правата и обврските на договорните страни во врска со користењето на садови за собирање на отпад од пакување, односно :

- пет (5) пластични зелени контејнери тип иглo од 2 m$^3$ за собирање на стаклен отпад од пакување;

**Член 2**

ПАКОМАК ДОО Скопје, е сопственик на подвижните ствари односно специјализираната опрема за селективно собирање на отпад од пакување, утврдени во членот 1 на овој договор, кои согласно истиот ќе му бидат дадени на користење на корисникот на опремата и ќе бидат користени по однапред утврдени локации.

**Член 3**

Давателот на опремата е должен да ги предаде на Корисникот на опремата подвижните ствари утврдени во чл.1 на овој договор и на истите да постави табли/налепници со логото на давател на опремата.

Доколку Корисникот на опремата ја напушти управувачкта шема на отпад од пакување со која управува ПАКОМАК ДОО, давателот на опремта го задржува правото да ги повлече стварите од локациите на примателот.
Доколку при контрола на опремата дадена на користење, извршена од страна на ПАКОМАК ДОО е констатирана ненаменска употреба на специјализираните садови, ПАКОМАК ДОО го задржува правото да ја повлече опремата од локациите на Корисникот на опремата утврдена во чл.1, веднаш.
Доколку подвижните ствари се оштетени и не можат да ја вршат функцијата за која се наменети, ПАКОМАК ДОО го задржува правото да ги наплати истите во вредност согласно износот добиен од извршена проценка на штета.
Корисникот на опремата се обврзува собраните количини на отпад од пакување, да ги евидентира само во управувачкиот систем со отпад од пакување на ПАКОМАК ДОО.
Корисникот на опремата се обврзува да ја евидентира реалната бројна состојба на специјализираната опрема дадена на користење од страна на ПАКОМАК во соодветна годишна пописна листа на крајот на календарската година и истата да биде доставена до ПАКОМАК ДОО.

**Член 4**

За подвижните ствари, утврдени во член 1 на овој договор, корисникот на опремата е согласен да потпише потврда за прием (испратница) на подвижните ствари и истата да му ја предаде на давателот на опремата.
Овој Договор се склучува за неопределено време и истиот може да биде раскинат по барање на било која странка со писмено известување испратено до другата договорена страна во рок од 15 дена пред денот на раскинување.

**Член 5**

Сите евентуални спорови, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 6**

Можните измени настанати по склучување на овој договор, договорните страни ќе ги договараат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекс-договор.

**Член 7**

За се што не е предвидено со овој договор, дооворните страни се согласни да важат одредбите од Законот за облигациони односи и другите важечки одредби од позитивното македонско право.

Член 8

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за ПАКОМАК ДОО Скопје и 2 (два) за корисникот на опремата.

| ПАКОМАК ДОО Скопје | ЈПКУ КОМУНАЛЕЦ Крива Паланка |
|---|---|
| Управител | Миле Марковски |

КОМУНАЛЕЦ
Ч.о.
1